

Трагите водат кон Бог

БИБЛИСКИ ПРОРОШТВА
ЗА ГРАДОВИТЕ
ТИР, ВАВИЛОН
И МЕМФИС

# Дали пророците ја предвиделе иднината?

## БИБЛИСКИТЕ ПРОРОШТВА НА ВАГА

***Во секој историски период иднината била интересна.***

Развиени се многу видови пророкување: гледање на дланка, астрологија, гатање со помош на животински црн дроб, читање на судбината од карти, Нострадамусовите пророштва...



Библијата содржи стотици пророштва кои се однесуваат на градови, луѓе, настани, околности и Божји планови.

Дали и во Библијата е присутен некој од споменатите начини на пророкување или таа претставува нешто повеќе од тоа? Колку се веродостојни библиските пророштва? Дали се исполниле?

Блез Паскал, математичар и филозоф, бил голем истражувач на Библијата. Како научник внимателно го испитувал времето во кое настанале пророчките периоди, нивната содржина, и ги споредувал со нивното исполнување. За него големо прашање било каде се наоѓа библиската религија меѓу останатите религии. Читателот ќе биде изненаден од неговиот заклучок. Долниот цитат ги резимира резултатите на неговото истражување.



Паскал ја прифатил веродостојноста на Библијата врз основа на исполнетите пророштва, од еден несоборлив факт дека постои една поголема интелигенција, која Библијата ја нарекува Бог и која однапред ја познава иднината. Врз основа на кои пророштва Паскал дошол до овие заклучоци? Да испитаме неколку пророштва од Библијата.

## Судбината на градот ТИР

Во стариот век Тир бил богат трговски град. Царот **Соломон** развивал деловни односи со тирскиот цар Хирам. Соломон изградил водовод за Хирам, а како замена, Тир на Израел му испорачувал кедрово дрво. Жителите на Тир биле неморални и следеле разни зли култови. Му служеле на Молох, на кого му жртвувале дури и деца.

Освен тоа и култот на Вал имал значајно место во овој град. Култот на плодноста ги принудувал луѓето на неморал и на проституција во храмот. Навуходоносор, царот на Вавилон, во 586 година пред нашата ера го освоил Ерусалим, кој во тоа време бил голем ривал на Тир.

Нивната расипаност добро се гледа во песната која е израз на восхит и радост за уништувањето на противникот: *„Ха, ха! Се скрши вратата на народите, и тие се свртеа кон Мене, ќе се збогатам кога ќе опустоши“.* Бог преку пророкот изрекол суд.

### *Пророкот Езекил пророкувал:*

*„Така вели Господ Бог, 'еве, Јас сум против тебе, граде Тире, и ќе кренам против тебе многу народи како морето што ги крева брановите свои. И ќе ги разбијам ѕидовите на Тир и ќе ги разрушам кулите негови; и ќе го изметам правот негов и ќе го направам гол камен. Ќе биде место за простирање мрежи во морето; зашто Јас го реков тоа', вели Господ Бог, 'и ќе биде разграбен од народите'“ (Езекил 26,3-5). Уште додава дека истиот цар, кој го уништил Ерусалим, ќе го разруши и Тир: „Зашто така вели Господ Бог: 'Еве, против Тир ќе го доведам од север Навуходоносор, вавилонскиот цар, царот над царевите, со коњи и со коли, со коњаница и со војска и со многуброен народ'“ (Езекил 26,7).*

Езекил го пророкувал она што, во кратки црти, би можело да се искаже вака:



- Царот на Вавилон, Навуходоносор, ќе го нападне Тир, ќе ги урне ѕидовите и храмовите.
- Мноштво народ ќе стане против Тир со воени намери.
- Ќе го исчисти од правта местото на коешто стоел градот.
- Ќе има место за рибари и за сушење на нивните мрежи.
- Потоа никој нема да живее во него.
- Ќе го бараат, но никогаш нема да го најдат.

### *Исполнување на пророштвото*

Една година откако било искажано пророштвото, Навуходоносор тргнал против Тир и почнал да го напаѓа градот. По 13 години опсада, ги урнал неговите ѕидови. Жителите на Тир, меѓутоа, побегнале заедно со својот имот на остров оддалечен 600 метри од градот. Тогаш нивниот град бил уништен а жителите биле на сигурно.

Во 333 година пред Христа, Александар Велики ги победил Персијците и ги принудил градовите, меѓу кои бил и Тир, да му се предадат. Меѓутоа, жителите на Тир дале отпор и се соочиле со освојувачот. Војската на Александар Велики го нападнала Тир. Кога видел дека жителите побегнале на островот, дал наредба од камењата на разурнатиот град да се изгради насип во морето сè до островот.

По пренесувањето на камењата, градот го исчистиле дури и од правта. Војниците на Александар Велики од тоа изградиле насип 60 метри широк и 600 метри долг. Освојувачот ги повикал соседните земји да му ги стават на располагање своите бродови за опсада на остро-



Жителите на Тир биле неморални и следеле разни зли култови. Му служеле на Молох, на кого му жртвувале дури и деца.

вот, така што големо мноштво народ учествувало во војната против Тир, а тоа значело негова пропаст. По седум месеци опсада, Александар Велики го освоил градот. Веднаш убил 10 000 луѓе, а уште 30 000 ги одвел како робови од градот. Пророштвото на Езекил се исполнило. На местото на градот останале само карпи од кои била исчистена дури и правта.



Од насипот кој го направила војската на Александар за да стигне до островот, настанал полуостров.

## Градот ВАВИЛОН

Вавилон бил најбогатиот и најубав град во тоа време. Неговите огромни градби, Семирамидините висечки градини, го издигнале меѓу седумте чуда на стариот свет. Сицилијанскиот историчар Диодор вака се сеќава на висечките градини: „Градината е како низа од тераси формирани во падините на планините, една тераса се издигнува над друга... ги покрива плодна земја во која растат дрвја, а грмушките се прекрасни за гледање. Водата од оддалечената реки ги придвижува невидливите водени лифтови...“



Градот бил окружен со 22 км двојни ѕидови, толку широки што можело по нив да минуваат кочии во две насоки. Пророкот Исаија го нарекува градот *„украсот на царствата, гордоста на Халдејците“ (Исаија 13,19)*. Овде живееле царот Навуходоносор и пророкот Даниел. Пророкот Исаија (740-659 пред Христа), пред Вавилон да го доживее своето златно време, ја пророкувал неговата иднина.

Во книгата на пророкот Исаија се наоѓа едно шокантно пророштво. Тој не само што ја предвидува судбината на градот туку дури 150 години однапред го именува и царот што ќе го победи Вавилон.

*„И Вавилон, украсот на царствата, гордоста на Халдејците, ќе биде соборен од Бога, како Содом и Гомор, нема да се насели никогаш; во него нема да има жители од род во род; нема Арапин да го распне шаторот свој, овчари таму со стадата свои нема да отпочинуваат. Но, во него ќе живеат ѕверови; буковите ќе се населуваат во ниввите домови и јарци ќе потскокнуваат и ќе играат, чакали ќе вијат во дворците нивни и хиени во домовите за веселба. А ќе дојде неговото време, близу е, деновите негови нема да задоцнат“ (Исаија 13,19-22).*

*„(Бог) Кој вели за Кир: ’Тој е мој пастир, и тој ќе ја исполни секоја волја Моја, и ќе му рече на Ерусалим: ’Ти ќе бидеш одново изграден!‘ и на храмот: ’Ти ќе бидеш обновен!‘ Вака му вели Господ на својот помазаник Кир: ’Те држам за десната рака, за да ти покорам народи, и ќе ги симнам појасите од бедрата на царевите, за да ти се отворат вратите и портите да не бидат затворени‘“ (Исаија 44,28; 45,1).*

Судбината на Вавилон ќе биде слична со судбината на Содом и Гомор. Го чека потполно уништување и пропаст. Името на царот освојувач ќе биде Кир. 160 години подоцна навистина се појавил медоперсискиот цар да го освои овој несовладлив град. Жителите на Вавилон се чувствувале потполно безбедено засолнети зад големите ѕидови, заштитени од силна војска. Меѓутоа, Кир подготвил мошне итар план. Реката Еуфрат минувала низ градот и го снабдувала со вода. По должината на брегот на реката, ѕидовите и капијата ја обезбедувале сигурноста на градот. Надворешниот ѕид целосно го опкружувал градот. Водата на Еуфрат Кир ја пренасочил во новоископани канали и така, под закрила на ноќта, незабележано влегол преку речното корито во самиот центар на градот. Стражарите не го чувале градот. На негово изненадување, внатрешните капии биле отворени, токму како што пророкувал пророкот Исаија многу години претходно: „Да ти се отворат вратите и портите да не бидат затворени“. Кир со својата војска без тешкотии го освоил градот. Подоцнежниот цар Ксеркс целосно го уништил Вавилон. Александар Македонски сакал Вавилон да биде престолнина на неговото царство, но ненадејно умрел, а неговите наследници тука не успеале да го изградат главниот град на Селеукидите. Пророштвото точно се исполнило. Вавилон е мртов, целосно уништен. Наместо славниот град, останале само урнатини. Зборовите на пророштвото во целост се исполниле.



Меѓутоа, Кир исполнил уште една должност што ја предвидел пророкот Исаија. Халдејците го уништиле Ерусалим, Божјиот храм. Пророкот Исаија пророкувал дека Кир повторно ќе го изгради храмот: „И тој ќе ја исполни секоја волја Моја, и ќе му рече на Ерусалим: ’Ти ќе бидеш одново изграден!‘ и на храмот: ’Ти ќе бидеш обновен!‘“

Освојувачот, верно на пророштвото, го поттикнал обновувањето на храмот. Во Библијата наоѓаме такви докази, а и археолошките сведочат за тоа.

Книгата на Дневникот го опишува издавањето на декретот: „А во првата година на персискиот цар Кир, за да се исполни зборот Господов,



Висечките градини на градот Вавилон биле едно од светските чуда на античкиот свет.

кажан преку устата на Еремија, Господ го подбуди духот на Кир, персискиот цар, и тој заповеда да прогласат по целото негово царство, усно и писмено, и да кажат: 'Вака рече Кир, царот персиски: Господ, Бог небесен, ми ги даде сите земни царства и ми заповеда да му изградам дом во Ерусалим, во Јудеја. Кој е меѓу вас од сиот негов народ, Господ, неговиот Бог нека биде со него, и тој нека оди таму'" (2. Дневникот 36,22.23).


Кировиот цилиндар

Дали библиските пророштва се исполнуваат? Да, во целост! Во британскиот музеј, во персиската сала, стои Кировиот цилиндар кој е пронајден во урнатините на Вавилон. На овој глинен цилиндар Кир ја опишува својата победа над Вавилон.

## МЕМФИС

Од 2780 година пред Христа до 13. век Мемфис бил голем и значаен град. Сметале дека е неуништлив. Негов основач бил Менес и за нас познатата историја на Египет, всушност, почнува од Мемфис. Градот бил центар на обожавање на Аписовите бикови.



„Свештениците ми раскажуваа дека Менес е првиот цар на Египет, кој околината на градот ја заштитил со брани и кога површината се исушила, го сосидал градот Мемфис", напишал Херодот во својата историја.

Според тоа, градот веќе стоел во времето на првите династии и цареви и станувал сè поубав и поубав. Во него вистинските господари биле фараони. Можело да ги попречи само моќта на свештениците во Теба, или култот во Гиза, но Мемфис сепак бил град на фараоните. Помеѓу 2780 година пред Христа и 1300 година, градот го проживеал својот златен период. Во ова време во центарот на градот стоел Птах - Амехотепов град. Го краселе огромни бели мермерни столбови, а двете сфинги од алабастер стоеле пред влезот на храмот. Денеска овој град е во урнатини. Од храмот, освен една сфинга и две статуи на Рамзес II, кои и денес можат да се видат на самото место, не останало ништо друго. Египтологот Амалија Едвардс вака пишува гледајќи ги древните урнатини: „Сè што останало од Мемфис, најстариот денешен град, се неколку купишта ѓубре и десетици расфрлени и искршени скулптури. Каде се тие достоинствени згради, урнатини кои стоеле во средниот век и, според проценките, кога би тргнале во која било правец, се протегале во пустината на половина ден одење?"

### *Што се случило со градот?*

Одговорите можеме да ги дознаеме ако понатаму ја истражуваме судбината на Египет. Еднаш Бог сметајќи дека самоправедното царување на фараоните како богови, нивното арогантно властољубие, ги преминало сите граници така што не казнил само еден фараон, слично на излегувањето од Египет, туку преку пророкот однапред предвидел пропаст на целото царство. Ова пророштво се исполнило по неколку векови. Пророштвото ја забележало пропаста на Мемфис, бидејќи бил царски град, но секој знаел дека, ако пропадне стратешкиот центар, ќе пропадне и целото царство, бидејќи моќта на свештениците зависела од фараонот.



Пророштвото за ова се наоѓа во книгата на пророк Езекил: „Така вели Господ Бог: 'Ќе ги истребам идолите и ќе ги уништам лажните богови во Ноф (Ноф е еврејско име за Мемфис во Стариот завет) во земјата египетска веќе нема да има принцови и ќе пратам страв во земјата египетска'" (Езекил 30,13).

Каков страв ќе предизвика пропаст на градот? Пророкот Исаија го запишал пророштвото за пропаста на градот и го опишал начинот: „Реките ќе се намалат, каналите египетски ќе станат малуводни, ќе се исушат; рогозината и трската ќе овенат. Нивите крај реката, по бреговите на реката и сè што е посеано крај реката - ќе се исуши, ќе биде развеано и ќе исчезне" (Исаија 19,6.7).

Како што знаеме, богатството на Египет било овозможено од реката Нил. Би била вистинска катастрофа кога поради некоја причина Нил би пресушил. Освен тоа, постоел уште еден факт кој можел да значи економска пропаст, но него човек не можел да го знае, туку само Бог, а тоа било истребувањето на папирусната трска. Во тоа време писменоста нагло се зголемувала. Се пишувало на три вида материјали: на камен, тоа било многу тешко и врзано за едно место, на пергамент, односно, на животински кожи, а тоа било доста скапо, и на папирус. Папирусот го измислиле Египќаните и бил многу сличен на денешната хартија. Во однос на другите средства за пишување, бил полесен, потенок и поевтин. Внимателно ја чувале тајната на неговата изработка, така што на целото подрачје на Средоземното Море тргувале со него.

Во пророштвата на пророкот Исаија може да прочитаме дека „рогозината и трската ќе овенат". Тоа навистина се случило. До денешен ден не постои подива сорта на папирус која во тоа време растела во големи количини по делтата на Нил. Во денешно време една многу чувствителна сорта се одгледува во вештачки услови. Но, Нил еднаш пресушил и неговата делта станала смрдлива поради скапаниот папирус.

Останатото можеме да го замислиме. Пророкот Исаија во 7 век пред Христа запишал дека трската ќе се исуши. Жителите го напуштиле Мемфис, градот на царевите. Во средниот век, како што запишала Амалија Едвардс, дури и камењата недостасувале бидејќи биле однесени за изградба на градот Каиро. Подигнале нови згради, но сега веќе не во слава на фараонот, туку посветени на секојдневните потреби.

Извештајот за тоа што се случило пред по-


„Рогозината и трската ќе овенат"



*„Библијата е повеќе од автентична историја, повеќе од научни факти, збирка на исполнети пророштва“.*

веќе од деветнаесет векови на карпестиот рид надвор од Ерусалим претставува централна тема на Библијата и нејзино срце. Тука не станува збор само за историја, туку и за сила која го менува животот, која се наоѓа во оваа Книга, и која најдобро потврдува дека е Библијата таква како што тврди самата за себе. Оваа сила посебно се истакнува во една личност, во Исус Христос. За него зборуваат најголемиот дел на пророштвата. „Истражувајте ги Писмата, зашто вие мислите дека во нив имате живот вечен; а токму тие сведочат за Мене“ (Јован 5,39).



Исус овде зборува за Стариот завет, бидејќи Новиот завет тогаш уште не постоел. И кога ќе ги отвориме страниците на Стариот завет, откриваме дека тие пророкуваат за Месија, кој доаѓа и зборуваат за неговата мисија, љубов и откупување.

„Па им рече (Исус Христос): „Ете, ова се зборовите што ги кажував уште додека бев со вас, зашто треба да се исполни сè што е напишано за Мене во Законот Мојсеев и кај Пророците, и во Псалмите“ (Лука 24,44).

***Стариот завет пророкувал за Христа, а Новиот завет е историја за Неговиот живот. Целата Библија претставува откровение за Исус Христос, кој дошол на оваа бунтовна планета токму поради тоа - да покаже каков е, всушност, Бог.***

Лекција бр. 5

серија **„Трагите водат кон Бог“**
Одговорен уредник: **Михајло Гурев** | Јазична редакција: **Томислав Треневски**
Дизајн: **Лазар Томовски** | Издава: **АИК „Знаци на времето“** П. фах 215, 1000 Скопје
Печати: **Аркус дизајн** | За дополнителни информации пишете ни на **tragite@yahoo.com** или јавете се на **071 / 569 076**
**www.adventisti.org.mk www.znacinavremeto.mk**